Врз основа на член 22 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 52 од Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ бр.84/08) и членот 14 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на Седницата одржана на 14.11.2014 година донесе

**П Р О Г Р А М А**

за реализација на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на градот Крива Паланка за 2015 година

Општина Крива Паланка има изработено Елаборат за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на град Крива Паланка, а подоцна се изработи и Елаборат за измена и дополнување на елеборатот за режим на сообраќај во поширокото централно подрачје на град Крива Паланка.

Согласно усвоениот Елаборат за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на град Крива Паланка извршено е поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација во централното градско подрачје.

Со цел подобрување на безбедноста во сообраќајот, но и поради потребите и проблемите на градот за негово сообраќајно уредување, Општина Крива Паланка во фаза е на изработување на Основен сообраќаен проект за режим на сообраќај.

Во Програма за 2015 година се предвидува усвојување и реализација на Основниот сообраќаен проект за режим на сообраќајот. Реализацијата на Основниот сообраќаен проект за режим на сообраќајот поделена во фази кои би се изведувале спрема приливот на средства и тоа:

1. Првата фаза е поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација на улицата Св. Јоаким Осоговски од раскрсница кај „Станицата за технички преглед“ до раскрсница кај мотел „Македонија“;
2. Втората фаза поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација на останатите улиците во централното градско подрачје;
3. Трета фаза поставување на табли за име на улици и табли за нумерирање на објекти со броеви од централното градско подрачје кон периферијата;
4. Четврта фаза е уредување на паркинг простори кои се предвидени со Основниот сообраќаен проект;

**За реализација на оваа програма финансиската вредност на предвидените работи изнесуваат:**

| | |
|---|---|
| Прва фаза | 450 000,00 ден |
| Втора фаза | 880 000,00 ден |
| Трета фаза | 620 000,00 ден |
| Четврта фаза | 500 000,00 ден |
| Вкупно | 2 450 000,00 ден |

**Извори на финансирање:**

1. Средства од Буџетот на општината Крива Паланка ________1 000 000,00 ден
2. Средства од донации ( Агенција за државни патишта, Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и други донатори_____1 450 000,00 ден

_

Вкупно =2 450 000,00 ден

**Бр.07-2823/27**
**14.11.2014 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**М-р.Борче Стојчевски**